СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 30 август 1994 година

Скопје, август 1994 година

**ДИСКУТАНТИ НА 78-ТА СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 29-07.1994-г. И НА ПРВОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 78-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 30.08.1994 ГОДИНА**

78-та седница не е одржана поради немање кворум на 29.VII.1994 г.

I-продолжение на 78-та седница: Дневен ред: стр.13

1. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 4
2. АНДОВ СТОЈАН - 3
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 19, 22
4. БОЖОВ ЈОРДАН - 36
5. ГОШЕВ ТУШЕ - 17, 34
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 7, 16, 17
7. ДАВЧЕВ САНДЕ - 4
8. ЈОВАНОВ РИСТО - 8
9. КИРОВ ТАШКО - 44
10. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 45, 48
11. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 43
12. ПОПОВСКИ КИРО (претседавач) 5, 6, 7, 32, 33, 35, 36, 50
13. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 28, 31, 35, 37
14. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 46
15. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 6
16. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 42
17. ХАЈРЕДВНИ ЏЕВДЕТ - 2
18. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 20, 50
19. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 2, 21, 32, 33
20. ШУНДОВСКИ ЈОРГО - 44

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 78-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 август 1994 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од 75-тата и 77-та седница на Собранието на РМ Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците (Нема).

Констатирам дека записниците од 75-та и 77-та седница се усвоени без забелешки.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и члeновите на Владата на РМ, Републичката СИЗ за патишта.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на РМ заради итно донесување на одделни значајни акти, а како што ви е познато истата не се одржа поради немање кворум меѓутоа останува потребата од нивно што поскорешно донесување.

Владата на РМ го повлече Предлогот за донесување на законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година, со Предлог на закон.

Владата на РМ му предлага на Собранието по итна постапка да го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со стоков кредит во пченка од САД.

Предлогот на законот ви е поделен.

Молам да се повикаат претставници на Владата.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор господинот Џевдет Хајредини, министер за финансии во Владата на РМ.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, Конгресот на САД одобри доста поволен стоков кредит за Републиката Македонија, тргнувајќи од оценката на тешкотиите во кои во моментот се наоѓа Македонија како последица од блокадите и од продолжување на примената на санкциите спрема Србија и Црна Гора.

За да може договорот да се склучи потребно е, бидејќи тоа се средства кои и се одобруваат на Владата, претходно Парламентот, согласно законот за буџетите да донесе закон за задолжување потоа да се склучи договорот кој исто така ќе биде потребно, согласно Уставот на РМ да биде ратификуван од страна на Парламентот за да може да операционализира кредитот. Мислиме дека е од економски интерес за РМ овој закон да биде што побрзо донесен. Од овие причини Владата

предложи по итна постапка да биде донесен затоа што е законот краток и јасен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Владата Законот за задолжување на РМ со стоков кредит во пченка од САД да се донесе по итна постапка, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Тодор Петров му предлага на Собранието по итна постапка да го донесе Законот за финансирање на изградбата на Конска брана од хидромелиоративниот систем Гевгелиско поле.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам предлагачот да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Господинот Петров не е присутен на седницата, а не е пријавил ни отсуство. Затоа ние ќе одиме без образлагање.

Кој е за предлогот на пратеникот Тодор Петров Законот за финансирање на изградбата на Конска брана од хидромелиоративниот систем Гевгелиско поле по итна постапка молам да крене рака?(20)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратениците Санде Давчев и Тодор Петров му предлагаат на Собранието по итна постапка да го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход.

Предлогот на законот и мислењето на Владата Ви се доставени.

Молам еден од предлагачите да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници, со донесување на стабилизационата програма ние го донесовме и Законот за персоналниот данок. Со овој закон бенефицијата односно ослободувањата што ги има вработените во организацијата за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди, тоа се заштитни работилници, се укина. Тогаш Владата бараше да нема ниедна измена на стабилизационата програма со цел кога ќе се согледаат ефектите од стабилизационата програма тогаш да дојде и до нејзино изменување. Сметаме дека овие организации се доведени во многу тешка ситуација бидејќи сите овие бенефиции што ги имаа ги укинавте, а инвалидите како што е сега моментално бенефицијата дали работат во заштитна организација или се во обична организација ги имаат исти инвалиди. Затоа, сметам, со цел да не би дошле во ситуација овие организации да се најдат во уште потешка ситуација, овој закон да го прифатиме и овие организации да ја добијат оваа бенефиција што ја имаа пред донесувањето на стабилизационата програма. Морам да кажам дека се работи само за 2.000 вработени во сите овие организации, така да не би имало некоја причина Владата да смета дека со овие пари ќе направи некои чуда.

Мислењето на Владата, бидејќи нема прав одговор, на перфиден начин се избегнува одговорот и се дава некое мислење за еднаквост на вработените. Еднаквост на вработените има секаде. Инвалидите сега како што имаат бенефиции и во заштитните организации и во другите организации имаат исти ослободувања. Меѓутоа во организацијата за професионална рехабилитација за вработување на инвалиди над 40% се вработени инвалиди. Така да не може да се зборува за еднакви услови на работење во овие организации и во правите организации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на пратениците Санде Давчев и Тодор Петров, законот за изменување и дополнување за персоналниот данок од доход да се донесе по итна постапка, молам да крене рака? (43)

Дали има некој против? ( 1 )

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

(Со седницата продолжи да раководи Киро Поповски, потпретседател на Собранието на Република Македонија)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Тодор Петров му предлага на Собранието по итна постапка да го донесе законот за полициска академија.

Предлогот на законот и мислењето на Владата ви се доставени.

Бидејќи предлагачот на законот не е присутен, а не е ни најавен дека ќе отсуствува, предлогот го ставам на гласање без образлагање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Комисијата за финансирање и буџет предлага, поради нивната важност на оваа седница да се разгледаат Годишниот извештај на Народната банка на РМ, извештајот за работа на СОК во 1993 година и извештајот за остварување на средствата од игрите на среќа што ги приредува Лотарија на Македонија во 19 93 година.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?(39)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

I/6.-

Има збор г-ѓата Славјанка Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Господа пратеници, ми се чини дека недоволно до крај беше јасно и не беше доволно јасно поставено и од господинот претседавач, предлогот. (Негодување во салата)

По повод гласањето сакам да прецизирам зошто се работи. Комисијата за финансирање и буџет имаше предлог за дополнување на дневниот ред со следните точки. Тоа се три точки кои треба да се стават поединечно на гласање, а се работи за:

- Извештајот на Народна банка за 1993 година,

- Извештајот за работа на СОК за 1993 година,

- Извештајот на Лотарија на Македонија за 1993 година. Тоа се три извештаи. Ние како Комисија дадовме предлог за дополнување на дневниот ред за денешната седница и мислам Собранието треба да се произнесе поединечно за сите овие извештаи дали да бидат ставени на дневен ред за денешната седница.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Предлогот на Комисијата во пакет е предложен, за измена и дополнување на дневниот ред. Во таа функција и овие три точки од еднаш беа предложени од името на Комисијата.

Бидејќи процедурално се става забелешка би предложил по овој предлог што сега беше даден Собранието да се произнесе.

Молам, кој е за овие три предлога кои доаѓаат од Комиси- јата за дополнување на дневниот ред поединечно Собранието да се изјаснува. Инаку тоа е по член 105 од Деловникот на Собранието, има право по повод гласањето да бара поединечно изјаснување. Но, во тој случај Собранието се произнесува.

Молам, кој е за овие три точки поединечно Собранието да се произнесе дали да влезат во дневниот ред, да крене рака? (38)

Според тоа предлогот не е усвоен.

Има збор пратеникот Владимир Голубовски.

Ве молам имате право само на процедурално прашање.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Предлагам како посебна точка на оваа седница...

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам не сме завршиле . Подоцна ќе добиете збор. Со оглед на карактерот на прашањата што се разгледуваат на оваа седница предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки, бидејќи тоа и наменски од Владата е барано.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (39)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Со оглед на значењето на актите што треба да се донесат на оваа седница, предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

Четириесет и девет пратеници гласаа "за", според тоа Констатирам дека предлогот е усвоен.

Деловнички бара збор пратеникот Ристо Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Бидејќи се сомневам во последната одлука на гласовите, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали има поддршка од 10 пратеници?

Да, има и повеќе и молам да се обави поединечно гласање.

(секретарот излегува на говорница за да го изврши поединечното гласање).

**ИГОР СПИРОВСКИ:.**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | - не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | - за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | - за |
| 6 . СТОЈАН АНДОВ | - не е тука |
| 7 . ТИМЕ АНДОНОВ | - за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | - не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | - против |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | - против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | - за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | - за |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | - за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | - не гласа |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | - не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | - за |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | - не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | - против |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | - за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | - не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | - за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | - за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | - не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | - против |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | - за |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | - за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | - за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | - не е тука |

II/3.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | - не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | - за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | - за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - за |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - против |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - не е тука |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | - не е тука |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | - против |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | - против |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | - не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | - против |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | - не е тука |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - против |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | - за |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | - против |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - за |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | - не е тука |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | - против |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | - не е тука |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | - против |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | - за |
| 54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | - против |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | - не е тука |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | - за |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | - не е тука |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | - не е тука |
| 59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | - не е тука |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | - не е тука |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | - не е тука |
| 62, ЦЕЛАДИН МУРАТИ | - воздржан |
| 63. АВДИ МУРТЕЗАНИ | - не е тука |

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | - за |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | - не е тука |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | - за |
| 67. СИМОН НАУМОСКИ | - за |
| 68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | - не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | - за |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | - за |
| 71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | - против |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | - за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | - за |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | - не е тука |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | - не е тука |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | - не е тука |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | - не е тука |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | - за |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | - за |
| 80. НИКОЛА поповски | - за |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | - за |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | - не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | - не е тука |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | - за |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | - не е тука |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | - за |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | - не е тука |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | - за |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | - не е тука |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | - не е тука |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | - за |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | - за |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | - за |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 96, ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | - против |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | - против |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | - за |
| 99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | - за |

100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - не е тука
101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - против
102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - не е тука
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ - против
104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ - за
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ - против
106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ - за
107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - против
108. АГИМ ФАЗЛИУ - не е тука
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - не е тука
110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ - за
111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука
112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - не е тука
113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - за
114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - за
115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - за
116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ - за
117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - не е тука
118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - за
119. ХИСНИ ШАЌИРИ - воздржан

Дали има пратеници што влегоа во меѓувреме? (да)

МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ - за

СТРАШО МИЛКОВСКИ - за

ПАНЧЕ МИНОВ - за

КОЛЕ ЛУЛОВСКИ - против

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ - против

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Вкупно гласале 77 пратеници, за предлогот гласале 53, против биле 22 и двајца биле воздржани.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

II/6.-

1. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со стоков креди во пченка од Соединетите Американски Држави;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од меѓу- народни финансиски организации, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за гаранција меѓу Република Македонија и Европската банка за обнова и развој за кредит (проект за сектор енергетика), со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување на законот за административни такси, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за издавање и пуштање во оптек на менични бланкети со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за пригодни ковани пари , со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за Дирекција за цивилна воздушна пловидба, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за воена академија, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радио-дифузијата со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството, со Предлог на закон, ("службен весник на СРМ" бр.37/79);

14. Предлог за донесување на закон за изменување на евиденциите од областа на здравството со Предлог на закон ("Службен лист на СФРЈ" бр.22/78 и 18/88);

15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на населението од заразни болести што ја загрозуваат целата земја, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствениот надзор над прехранбените продукти и над предметите за општа употреба, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за условите за земање и пресадување на делови од човечкото тело, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за прекинување на бременоста, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон;

20.Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за земање и пресадување делови од човечкото тело заради лекување, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба, со Предлог на закон;

22. Нацрт на закон за тутунот;

23. Предлог на закон за експропријација;

24. Предлог на закон за стандардизација;

25. Предлог на закон за контрола на предметите од скапоцени метали;

26. Предлог на закон за мерни единици и мерила;

27. Предлог на закон за трговија;

28. Предлог на закон за угостителска и туристичка дејност;

29. Предлог на закон за научно - истражувачката дејност

30. Предлог на закон за основање на Центар за образование на кадри за областа на безбедноста;

31. Предлог на закон за правата и воените инвалиди, на лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци;

32. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој за реализација на проектот за унапредување на системот за контрола на летање со Предлог на закон;

33. Предлог на одлука за основање на јавно претпријатие во мешовита сопственост за набавка, транспорт и дистрибуција на природен гас;

II/9.-

34. Предлог на одлука за потврдуваше на годишната програма за изградба , одржување и реконструкција на магистралната регионалната патна мрежа во Република Македонија за 199 4 година.

Дали има предлози за дополнување на дневниот ред?

Има збор пратеникот Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Предлагам како последна точка на оваа седница да биде Информација за околностите под кои е спречена Трибината на ВМРО - Демократска партија во Прилеп на 25 овој месец,од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија да биде поднесена информацијата, затоа што со овој настан е оневозможено уставното право на една политичка партија за слободно организирање на политички собир, што од своја страна ја компромитира демократијата во Република Македонија. Настанот и покрај тоа што ја потврдува најавата на ВМРО-ДПМНЕ дека тие со сила и крв ќе се обидат да ја освојат власта на претстојните избори, исто така го отвора прашањето за вмешаноста на полицијата од своја страна и тоа: 1) дека полицајците кои требаше да ја обезбедуваат трибината заедно со нивниот началник се членови на ВМРО-ДПМНЕ или пак дека државната безбедност ја злоупотреби трибината на ВМРО - Демократска партија за обезбедување н докази за врховистичкото дејствување на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи една од твоите камери преку човек од подземјето на Прилеп и со вмешаност на една политичка партија снимаа, според наше сознание за Софија. Касетата веќе се наоѓа надвор од државата и таа требаше да обезбеди клучни докази дека во Македонија постојат борци за нивната кауза кои јавно бараат рехабилитација и почит за Тодор Александров.

II/10.-

Ќе ве молам, задржете се само на итноста на прашањето.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ако сакаме за време на изборите да не присуствуваме на трагични ситуации, како превентива мора да отвориме расправа по повод овој инцидент, заради тоа што овој настан не беше осамен, а исто така поради очекувањето да се подготви заради стилот на работа и методите на една политичка партија во Македонија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам, да слушнеме мислење на Владата.

Пратеникот побара Информација од Владата. Молам, Владата да се произнесе.

Дали може да Констатираме дека Владата не сака да се произнесе.

Има збор министерот за правосудство Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Нека биде поставено во последните точки, па Владата ќе се произнесе.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали мислењето е на Владата дека може да се стави во дневен ред меѓу последните точки?

Го слушнавте мислењето на Владата.

Кој е за предлогот на пратеникот Голубовски, молам да крене рака?

Четириесет и осум пратеници гласале за.

Дали има некој против?

Двајца пратеници.

Дали некој се воздржува од гласаше?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Газменд Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, материјалот е добиен а што сум го предложил уште порано, во текот на месец мај. Се работи за Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на РМ со Предлог на закон, па барам на оваа седница во дневниот ред да биде уврстена и оваа точка.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Објаснете ја итноста, да не ве повикувам повторно, бидејќи таква е седницата.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Јас мислам не се работи овде за итност. Овде се работи за редовна постапка, бидејќи материјалот е доставен на време. Не го доставувам под итно. Уште во мај е доставен. Постои мислење на Владата, според тоа, јас мислам дека треба да се утврди и да се уврсти на дневен ред.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам, Службата да провери дали имаме мислење од Владата добиено по овој закон? (има)

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник)

За предлогот гласале 21 пратеник, според тоа Констатирам дека овој предлог не е прифатен.

Има збор, процедурално бара пратеникот Халили-

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, ова прашање е директно до претседателството на Собранието на РМ.

Кое е образложението зошто вие како претседателство не сте ја ставиле оваа точка на дневен ред?

Инаку, ние ја напуштаме седницата ако не дадете образложение.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам, очигледно вниманието во салата од почетокот е попуштено. Доколку внимателно слушавте во образложението што претседателот го изнесе, оваа седница е покрената по итна постапка од страна на Владата со точно назначен дневен ред на прашаwа што се од посебна итност и потреба за РМ. Од тие причини дневниот ред кој е понуден на денешнава седница и дневниот ред за седницата со поканата е всушност дневен ред што го предлага Владата по итна постапка што треба да биде донесено и плус оние закони што се предложени по итна постапка да бидат донесени. А, сите можат сега да предложат.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Прво, не е точно дека оваа седница е предлагана по итна постапка од Владата, затоа што ние имаме покана за седница за 78-та седница каде се овие точки на дневен ред пред еден месец. И, вие сте можеле да ги внесете тие точки тука.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Мислам дека го имате добиено и писмото на Владата. Нема потреба да се конфронтираме. Ако го имате тој предлог, мислам дека по тој предлог веќе се произнесе Собранието.

Има збор министерот за финансии г-динот Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата со писмо, во рамките на оваа седница, испрати предлог до Собранието на дневен ред да се постават уште две точки. Тоа е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет и Закон за измена и дополнување на Законот за акцизите.

Господа пратеници, сакам да ве потсетам дека кога ги донесовме законите за даноците, рековме дека во текот на годината доколку во практиката се воочат одредени слабости, Владата ќе предложи измена и дополнување на овие закони. Во рамките на таа активност и од примената на овие закони во текот на изминатите месеци Владата дојде до заклучок дека има потреба брзо да се интервенира, не во нивно суштинско изменување, туку во нивната практична примена да се дотераат одредени членови. Во предлозите за изменување и дополнување се вградени овие промени и молиме на оваа седница да бидат и овие 2 закони ставени на дневен ред.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Имаме предлог од министерот на Владата дневниот ред да се дополни со уште две точки. Тоа е предлог во името на Владата. Тој предлог....

Веќе по трет пат (му се обраќа на пратеникот Халили) добивате збор бидејќи барате процедурално.

Повелете.

III/4

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Потребни ни се 30 минути за консултации.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пауза од 30 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,05 часот)

Од пратеничката група кои бараа пауза, дали некој има потреба да добие збор, дали некој бара збор?

Збор бара г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Јас не случајно побарав да биде точката заведена во дневен ред и не сакав да ја оправдам итноста, бидејќи итноста е позната, бидејќи беше предложен закон во редовна процедура. Ако е потребно, ако се смета дека тоа треба да се образложи, јас можам д го кажам тоа дека е итно потребно да се изврши измена на законот од причина што голем број наши граѓани го немаат решено прашањето на државјанство поради тие ограничувачки услови што се во законот, а што се предлагаат да се изменат со предложениот предлог на закон.

Сега, бидејќи помина гласањето, поради тоа што се сомневам во резултатите од гласањето, мислам дека имам поддршка од 10 пратеници, барам да се изврши поединечно гласање, со тоа што точката да биде прифатена од страна на Владата и да биде меѓу последните точки за расправа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Прво, дали има 10 пратеници кои го поддржуваат предлогот? (Има).

Второ, ќе ве молам внимателно да се ислушаме, јас му дадов збор на г-динот Хајредини мислејќи дека по оваа точка сака да се произнесе во името на Владата. Од тие причини министерот предложи нови точки по кои подоцна ќе се произнесеме а г-динот Ајдерага бараше збор а мислев дека координаторот треба да има приоритет бидејќи побара пауза во името на пратеничката група и во името на пратеничката група бара збор. Потоа следи пратеникот Ајдерага и од причини молам службата да пристапи кон поединечното гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ**: (Прилог)

III/6

# С П И С О К

## на пратеници во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | против |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | воздржан |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | воздржан |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | против |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | против |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | против |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | воздржан |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРО В | воздржан |

III/7

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | воздржан |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | против |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | против |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | против |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | против |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | воздржан |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | против |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | против |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | против |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | воздржан |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | против |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 63. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |

III/8

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | за |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 67. СИМОН НАУМОСКИ | воздржан |
| 68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | против |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | не е тука |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 80. НИКОЛА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 81.ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | воздржан |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | не е тука |
| S6. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | воздржан |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 99 . ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

| | |
|---|---|
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | против |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | против |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | воздржан |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | воздржан |
| 115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | за |
| 118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | воздржан |
| 119. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Осумдесет пратеници гласале за од кои, триесет гласале за, 20 против и 21 воздржани.

Според тоа, предлогот не е прифатен.

Бидејќи во меѓувреме министерот Џевдет Хајредини веќе изнесе предлог по кој што треба да се произнесеме, да потсетам Владата предлага во дневниот ред да се дополни со две нови точки и тоа Предлог за измена и дополнуваше на законот за данок на промет, со Предлог на закон и Предлог за измени и дополни на законот за акцизите со Предлог на закон.

Најпрвин да се произнесеме по првиот предлог за измени и дополнување на Законот за данок на промет , со предлог на закон.

Кој е за молам да крене рака?

За гласаа 34 пратеници.

Според тоа, овој предлог на Владата не е прифатен.

Го ставам на гласање предлогот за измени и дополни на законот за акцизи со Предлог на закон.

Кој е за молам да крене рака?

За гласаа 37 пратеници.

Според тоа овој предлог на Владата не е прифатен.

Има збор пратеникот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа,

Најпрвин сакам да изразам еден протест, претпоставувам дека тоа не е намерно што веќе моите два предлози кои што беа уредно дадени во процедура, во писмена форма, под итна постапка, не беа предложени и не ми беше дозволено да ја образложам итноста на предложените точки за дополнување на дневниот ред. Затоа ја користам оваа форма

повторна да ги предложам да бидат ставени овие предлози на дневен ред.

Имено, согласно член 32, 98 и 99 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагам на дневен ред на 78 седница на собранието на РМ да се дополни со, најпрвин, Информација околу евентуалните злоупотреби со парите кои што Јавното претпријатие за аеродромски услуги "Македонија" Скопје требаше да ги уплати во Републичкиот буџет. Образложение:

Точката се предлага да биде ставена на дневен ред поради бројните натписи во медиумите околу евентуалната злоупотреба на овие средства кои патем речено не се воопшто мали. Така, последниве месеци можеме да прочитаме во весниците "Вечер", "Пулс" и др. дека Јавното претпријатие за аеродромски услуги "Македонија" со месеци не ги уплаќа средствата во Републичкиот буџет, дека се во игра разно разни шпекулации со тие средства, дека Министерството за финансии изготвувало разни информации околу овој проблем, кои биле разгледувани на седници на Владата, затворени за јавноста. Така барем се говореше во медиумите, а никој ништо не демантираше. Затоа, се со цел да се избегнат ваквите шпекулации во јавноста, во интерес на вистината и моралот на вршителите на јавните функции предлагам, дами и господа, оваа точка да биде ставена на дневен ред на оваа седница, иако со тоа би дошле во една навистина интересна ситуација, имено директорот на јавното претпријатие за аеродромски услуги, кој е и пратеник во Собраниево, а знаеме дека Владата е одговорна пред собранието е истовремено одговорен пред Владата гоја го именувала на таа функција.

Се надевам дека оваа испретплетена и взаемна одговорност нема да биде причина бараната информација да биде ставена на дневен ред.

IV/3

Втора точка која што барам да биде ставена на дневен ред, исто согласно член 32, 98 и99 од Деловникот на Собранието на РМ е Информацијата за распределбата на општествените станови од страна на Комисијата на Владата на РМ во периодот од 5 септември 19 92 година, значи од датумот кога оваа Влада е изгласана овде во Собранието, со список и имиња на пратениците, министрите, замениците министри, и сите избрани функционери Владата на РМ , Собранието на РМ и претседателот на РМ кои имаат такви станови во овој период. Образложението ќе го прочитам уште еднаш.

Поминаа повеќе до две ипол години од денот кога се изгласа законот за продажба на општествените станови. Владата со постојано менуваше на условите за купување на општествените станови ги донесе купувачите на општествените станови во една навистина не-рамноправна состојба. Така едни те исти станови одредени граѓани ги купија за 2 до 3 илјади западногермански марки, други 12 , 13 илјади трети не можат ни за 20 илјади западногермански марки. Да биде трагедијата поголема Владата, која ја гледаме денес, како на секој можен начин се труди да собере средства во буџетот, при тоа немилосрдно уништувајќи го приватниот сектор, а за сметка на поедини привелигарни групи, корисници на буџетот, премногу лесно се откажува од една од-огромна бројка на заостанати општествени станови. Имено, во дневните весници, посебно во Нова Македонија се пишуваше, имаше повеќе написи со бројката од над 2 30 конфорни општествени станови кои што беа распределени во последно време од страна на владината Комисија, предводена од министерот господин Туше Гошев, чија што пазарна вредност се претпоставува дека изнесува повеќе од 16 милиони западно-германски марки.

Дали сме господа толку богата држава која така лесно се откажува од толкава огромна сума која навистина добро би го пополнила државниот буџет и државната каса. Дали е можно исто така и после повеќе од 2 години од донесување на Законот за продажба на општествените станови тие да се делат на овој начин и зошто Уставниот суд, кој патем речено го одбра владината коалиција се уште молчи за ова. Конечно, каков јавен морал градиме и какви норми на однесување трасираме на сите идни носители на јавни функции во државата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам, образложете ја итноста.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Да, да ја образложувам итноста господине Поповски, зошто не е лошо да се потсетиме дека и петмина пратеници кои што седат овде меѓу нас ја злоупотребија својата јавна функција која што ја вршат и станаа носители на станарско право на овие општествени станови, а би потсетил дека се сите над 100 м$^2$.

Исто така се зборува дека и добар дел од министрите го сториле тоа, одредени заменици министри, но медиумите, најверојатно од страв тоа го премолчуваат.

Исто така каде е тука моралот на премиерот на Владата на РМ господинот Бранко Црвенковски кој веќе добиениот стан од 60 м$^2$ во општествена сопственост во порта Влае во Скопје од поранешната експертска Влада, веднаш на почетокот на вршењето на преимерската функција, со помош на Владината Комисија од господинот министер Туше Гошев го промени за 30 м поголем исто така во порта Влае.

Почитувани пратеници, дами и господа, сметам дека се работи за исклучително важно прашање за моралот на сите оние што ја вршат јавната функција во оваа држава, а меѓу тие сигурно сме и сите ние пратеници во ова Собрание, затоа ве молам да ја изгласаме оваа точка

на дневен ред во интерес на сите оние граѓани кој ни овозможиле да седиме денес во овие клупи. Благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Предложените точки по итна постапка не беа ставени на дневен ред од причина што дневниот ред е составен од Предлог на закони и одлуки односно акти кои што ова Собрание треба да ги донесе.

(реакција на некои од пратениците)

Ве молам, говорам за предлогот на дневен ред што ви беше доставен, внимателно слушајте ме, и јас ве слушам внимателно кога говорите. Од тие причини овие две точки кои што беа предложени по итна постапка да бидат ставени не се ставени бидејќи немаат карактер на закон или одлука што ова Собрание треба да ги донесе. Тоа е образложението зошто во предлогот на дневниот ред не биле ставени, а биле предложени на време, бидејќи тоа прашање беше покренато.

Бидејќи сега повторно се инсистира овие две точки да бидат ставени на дневен ред, ви укажувам на овој аспект, критериум кој што беше за избор на точките на дневниот ред а Собранието треба да се произнесе за прифаќање односно неприфаќање на овие точки и нивно уврстување во дневниот ред.

Да го чуеме мислењето на Владата дали може да ја добиеме Информацијата за средствата од Јавното претпријатие за аеродромски услуги, зошто дел од тие средства не се уплатени во Републичкиот буџет колку што описно го разбрав предлогот, односно дали треба да се стави на дневен ред.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Јас мислам дека точката може, а и немора да ја ставиме на дневен ред, инаку да се зборува јавно дека евентуално злоупотреби има, јас овде можам да изјавам дека тоа е јавно претпријатие како и секое друго и како и секое друго претпријатие во државата подлежи на контрола во

своето работење. Таква контрола се врши и во тоа јавно претпријатие и до колку има такви евентуални злоупотреби, надлежните инспектори тоа го констатираат и ќе се превземаат мерките предвидени со соодветните закони.

Изјавувам дека Владата до денеска нема расправано ни на јавна, ни на тајна седница за тоа, за финансиското работење на претпријатието, ниту е вообичаено Владата да расправа, туку надлежните органи ги презмаат мерките таму каде што ќе констатираат дека има неправилности во работењето.

Ова јавно претпријатие меѓу своите активности има едно јавно овластување да врши наплата на давачки од државата тоа се ус- лугите таканаречени за лендинг и АТС кои се в,о девизи од странските компании, во денари од домашните компании. Тие средства , денарските, се уплатуваат во буџетот, а девизните во девизните резерви на РМ при Народната банка на Македонија, како што е пропишано со закон.

Според тоа, може да се добие информација, може да се изврши контрола, ништо не е забрането , ништо не се крие.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Не бевте децидни, дали Владата е спремна да подготви и да достави Информација за оваа седница.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Зависно кога точката ќе дојде на дневен ред може.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Добро, значи мислењето на министерот на Владата, предлогот за дополнување на дневниот ред со Информација за евентуални злоупотреби од приливот на средства што ги остварува како доход Јавното претпријатие а не биле уплатувани во Републичкиот буџет, дава слободна интерпретација бидејќи писмен предлог немаме, го ставам на гласање.

IV/7

Кој е за молам да крене рака?

За гласаа 31 пратеник.

Според тоа, Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Владата да се произнесе по барањето во дневниот ред да се уврсти нова точка за Информација за распределба на општествените станови.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, согласно на поставеното пратеничко прашање кое има иста содржина и Владата изготвила одговор на тоа пратеничко прашаше кое во суштина, во материјална основа ги содржи истите показатели кои вие ќе ги добиете, и со оглед на тоа што Собранието еднаш одби таква информација да расправа, ние ќе одговориме на пратеничкото прашање, а го има поставено г-дин Јовчевски, писмено, за доделувањето на општествените станови и тогаш до колку пратеникот не е задоволен од одговорот на пратеничкото прашање ќе има точка на дневен ред за која Собранието ќе расправа.

Сметаме дека денеска Собранието не треба да ја прифати таа точка на дневен ред.

Успатно да кажам и тоа дека во образложението беа кажани некои невистини, морам јавно да ги демантирам, тука, дека премиерот го има заменето станот, најодговорно тврдам дека таква дезинформација не треба да се праќа без да се провери дали е тоа така или не. Тврдам дека тоа не е вистина и дека премиерот го нема заменето станот. Исто така и бројката што се кажува 230 станови дека се поделени по таа васионсла сума на марки која беше искажана една невистина и вие во одговорот на пратеничкото прашање ќе го видите и тогаш ќе отвориме материјална расправа, со факти и аргументи, за еднаш да се затвори и таа тема. Благодарам.

V/1.- ЈМ/ЉР

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Сега нема расправа. Вашиот предлог мора да се стави на гласање. Немате збор.

Предлогот на пратеникот Пановски го ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сакам само да објаснам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Нема потреба да објасните. Немате право на збор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас морам да дообјаснам бидејќи тука се искажани искази од министерот дека јас зборувам лаги и невистини. Сметам дека мора да ми биде дадено шанса да се произнесам по тие обвинувања Јас тврдам дека премиерот...

(претседавачот Киро Поповски ги исклучи микрофоните)

**КИРОЈПОПОВСКИ:**

Ве молам, да се придржуваме на процедурата. Ќе добиеш збор кога ќе имаме материјална расправа по точката и тогаш се ќе образложиш. Ќе образложиш кога ќе биде точката на дневен ред, а овде итноста ти само ја образлагаш. Тоа е постапката.

Ќе ве молам, не е ова никаков исклучок. Секој што пред- лага точка за дополнување на дневниот ред, во итна постапка има право по Деловникот да ја образложи само итноста зошто ја предлага да биде вградена во дневниот ред. Материјална расправа по точката ќе се води доколку точката биде усвоена и уврстена во дневниот ред.

Според тоа, ве молам не прекршувам никаков деловнички однос.

Според тоа Предлогот на пратеникот Пановски го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Пратеникот Јордан Бошков има процедурална забелешка.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседавач, дами и господа јас сметам дека постапката овде е нарушена со оглед на тоа што на предлагачот не му се дава можност да се изјасни после настапот на претставникот на Владата. Имено, ако допуштате, предлагачот може и да го повлече своjот предлог и исклучувањето на микрофоните ни најмалку не е на место.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Секој предлагач образлага зошто предлага и по итна постапка изнесува аргументи. Владата изнесува свое мислење дали се прифаќа, или не се прифаќа, а плус имаше дополнително објаснува- ње од министерот дека одговор на пратеничкото прашање за целата материја ќе биде добиено доколку пратеникот кој го поставил тоа пратеничко прашање не е задоволен тој може да бара да се отвори расправа по точката од дневниот ред.

Според тоа, предлогот на пратеникот Пановски го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (21 пратеник)

Според тоа, Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали некој друг бара збор?

Пратеникот Михаил Панвоски има процедурална забелешка.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ;**

Доколку ме поддржуваат 10 пратеници, барам ова гласање да се повтори поединечно од причини што никако човек не може да дојде до оваа говорница, бидејќи оваа точка навистина доста ве боли сите вас овде присутни господо.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Г-дине Пановски не се посомневавте во резултатите. Дали 10 пратеници го поддржуваат овој предлог? Има 10 пратеници.

Молам, поединечно да биде извршено гласањето.

**ИГОР СПИРОВСКИ**: (прилог)

V/4.-

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | воздржан |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | воздржан |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | не е тука |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | за |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | воздржан |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | против |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | против |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | воздржан |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | за |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | против |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 63. АВДИ МУРТЕЗАНИ | воздржан |

V/6.-

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | против |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 67. СИМОН НАУМОСКИ | воздржан |
| 68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | не е тука |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | воздржан |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 80. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | не е тука |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | воздржан |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | против |
| 99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | за |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | воздржан |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | воздржан |
| 118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 119. ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

Има ли пратеници што не гласале? (нема)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Гласале вкупно 7 6 пратеници. За предлогот гласале 21 пратеник, 33 против и 22 воздржани.

Според тоа Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Гоце Андоновски има процедурална забелешка.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Досега сакав да верувам дека сите досегашни гласини што ги слушаме се само слуховии дека нема никаква вистина. Меѓутоа, со ваквиот став на позицијата да се прикријат одредени работи да не излезат на виделина е точно тоа дека ова точно било вистина.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Одговор на пратеничкото прашање со сите податоци од  Владата

ќе бидат доставени деновиве и сите ќе имате можност да се информирате.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа кога ќе се постави некоја точка на дневниот ред, поготово ако се постави како прва точка, а тоа беше следнава: Предлог за донесување на законот за изменување на Законот за гаранција на РМ за депонираните девизни влогови на граѓаните за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 година и во 1994 година со Предлог на закон.

Овој материјал беше добиен пред месец ипол, или два. Истиов предлог на закон беше и пред Комисијата за финансирање. Мислам дека Комисијата за финансирање исто така се произнесе позитивно за да биде ставено ова на дневен ред на Собранието. При добивање на овој материјал исто така бевме известени дека ќе биде оваа точка ставена на дневен ред. Меѓутоа, од претседателот на Собранието многу лаконски добивме одговор дека Владата како подносител на овој Закон предлага да се симне од дневниот ред и тоа е право и на Владата. Немам ништо против. Меѓутоа кога се има во предвид дека населението во Македонија, односно луѓето кои што се девизни штедачи некаде со близу една милијарда, а мислам дека нема ниедно семејство во нашава држава кое што со мал број на девизни заштеди со некаде над неколку стотини марки, или долари, дури до неколку десетици илјади, а можеби и стотици илјади, па дури и кај некои навистина поретки може и со милионски вредности се девизни штедачи чии пари се умртвени веќе четврта година.

VI/1.- НН-ВБ

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:** (продолжение)

Иако во образложението на Владата беше дека со исплаќањето на каматите за 1993 и 1994 година ќе се изврши едно олеснување,на правење ново салдо на ново задолжување на државата кон овие девизни штедачи. Ако 1 милијарда е девизното салдо на девизните штедачи тоа значи дека секоја година се калкулираат уште по 40 до 45 милиони долари. Луѓето стварно, секој еден девизен штедач беше заинтересиран да им бидат исплатени каматите. Така да ова е еден голем удар за девизните штедачи кои што навистина, во овој период кога на секого му е најпотребен еден денар односно девизна заштеда да бидат обесправени. Дури луѓето се прашуваат што сега, каде отидоа тие пари што Владата се спремаше да им ги даде некаде меѓу 60 до 70, до 80 милиони долари на име исплата на камата. Каде отидоа тие пари? Дали тие се префрлени некаде на друго место, или што станува? Мислам дека Владата не најде ниеден збор да каже зошто денеска се отстранува од дневен ред на ова Собрание оваа точка. Според тоа го молам претседателството, односно Владата да даде едно полно објаснување што е со симнувањето на оваа точка и кога ќе биде поставена на дневен ред.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Овој предлог на закон Владата го повлече, па според тоа ние точка на дневен ред немаме. Владата веројатно ќе понуди нов текст од исти причини од кои го повлекува од сегашниот дневен ред.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имајќи ја предвид актуелноста на проблемот кој е присутен во општината Пробиштип, пред се од аспект на водоснабдувањето предлагам на оваа седница да се постави точка на дневен ред "Реализација на проектот хидросистем Злетовица – Оризарска река" со посебен акцент снабдување на општината Пробиштип.

VI/2.-

Заради карактерот, содржината и во интерес на времето не би сакал да ви го одземам вниманието, па би предложил во текот на самата седница да се изготви една таква информација и да биде предмет на расправа при крајот на оваа седница.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам, мислење на Владата.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека може да се прифати како точка на дневен ред, но да биде некаде во последните точки од дневниот ред како би можела да се изготви.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Предлогот за изготвување на информација предложен од пратеникот Николовски го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (31 пратеник)

31 пратеник го поддржаа овој предлог.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**ТАШКО КИРОВ:**

Предлагам на дневен ред меѓу првите 10 точки да биде "Информација за состојбата и положбата на стечајните работници во Македонија". За оваа точка има материјал кој беше предложен за 74-та седница, па бидејќи не помина мислам дека сега имаме материјал и може да биде меѓу првите 10 точки.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи имаме информација од Владата предлогот го ставам на гласање.

VI/3.-

Кој е за, молам да крене рака?( 29 пратеника)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Молам, дали уште некој бара збор?

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, со оглед на тоа дека точките веќе се прочитани за 78-та седница. Видовме дека има две точки поврзани со образованието, "Предлог за донесување на закон на воена академија, со предлог на закон и Предлог на закон за основање на Центар за образов; ние на кадри од обласста на безбедноста"

Споивост на овие две точки автоматски го донесува и јас би предложил, би сугерирал до Владата, бидејќи точката е сепак на Владата не е моја лично предложена, на една од претходните седници тоа е 74-та седница "Предлог за донесување на закон за Универзитетот" како една точка и "Предлог за донесување на закон за средното образование и воспитание". Зошто.

Без да се расправа околу Законот за Универзитетот не може да се дискутира и да се расправа околу закон за воена академија и закон за центар за безбедност. Споивоста на сите овие закони, тука може да се каже и законот за основното образование има еден континуитет со предложените закони, но вака како ни се дадени ќе се случи да се носат закони по итна постапка, како Владата ни ги нуди, без да се разгледува законот за Универзитетот. Тука инсистирам Владата, предлагачот, гледам од Министерството за образование нема тука присутен и не знам зошто Владата сака или не сакаше да ги внесе предлог жените закони од 74-тата седница.

За овие 4 години колку сме ние тука во овој состав на пратеници и за овие две години и нешто Владата ништо не ни има понудено, досега ни има понудено од сферата на образованието, но без да се расправа во овој состав на Парламентот.

Мислам дека овде не се оди на еден рекламен, да ви кажам да се послужам со таканаречениот збор трик, се оди чисто на континуитет и споивост на сите четири закони во склоп на овие два закона. Уште еднаш повторувам без овие два закона не може да се дискутира за двата закони што ни ги понуди Владата по итна постапка.

Состојбите во високото образование со оглед на информациите што ги имаме ние досега нуди разни промени во самиот универзитет, укинување на Советот на Универзитетот, се формира некој си сенат, тоа го слушаме само од информативните средства. Со разни форми, отворање на приватни училишта, средни училишта во Републиката без закон ќе не доведува до еден хаос во наредните две-три години. Затоа мислам дека толку е оправдана расправа за овие два закона, да се спречи хаосот кој ќе настане наредните две години. Прво, хаосот во средното образование, слушаме секој ден формирање на приватни училишта, иако во Уставот, уставна категорија е отворање на училишта, но без закон не може да се отвори приватни училишта. Исто како воена академија што не може без законот за Универзитетот што не може да се донесе, така и Факултетот за безбедност без законот за Универзитетот.

Плус тоа, во една од точките што е предложена на една од претходните седници, закон за научни дејности мислам тоа може да се земе во предвид. Без законот за научни дејности не може воопшто да се расправа за законот за воената академија и законот за факултетот за безбедност.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тргнувам од идејата дека ова не е трик туку е искрено мислење дека треба да се поврзат Законот за Универзитетот и за другото редовно образование за да може да се расправа за воената академија. Во тој

случај морам да заклучам дека постои во случајот елементарно непознавање на военото образование и на редовното образование.

Имено, воената академија во сите земји постои како издвоено образование од Универзитетското образование. На тој начин не може да се воспостави никаква директна врска и условеност или никаква каузална врска меѓу постоење на закон за Универзитетот и воената академија. Тоа е првиот недостаток на интервенцијата на почитуваниот господин пратеник, а вториот недостаток се состои во тоа што не се претпоставува дека во моментот ако не е донесен нов закон за Универзитетот или за средно образование дека постои важечкиот закон за насочено образование кој што ги регулира односите на универзитетското образование, на Универзитетот што значи дека дури и по таа логика идејата дека ако се донесат поединечни закони без претходно да се донесе системски закон дека ќе настане хаос е неодрживо бидејќи тврдам дека доколку се оддолжи во недоглед расправата и евентуалното донесување на законот за воената академија во рамките на редовното пополнување со кадри во армијата на Македонија ќе настане, не хаос, туку ќе настане едно покрупно пореметување кое што ќе се одрази на нивото и на успешноста на вршењето на функцијата на армијата определена со Устав.

Да заклучам, законот за воената академија предвидува образовна институција надвор од редовното образование. Воената академија по својот статус и позиција е во формацијата на армијата на Република Македонија и од тие причини има определени посебни норми предвидени со овој предлог закон.

Второ, врската меѓу овој предлог-закон за воена академија и за училиштен центар во областа на безбедност исто така се неповрзани бидејќи воената академија произведува и е предвидена да произведува

кадар за друга структура, за друг сегмент од државната управа со посебен наставен план, програм и со посебна организација. Така што нема место ниту да се спојува, ниту пак да се приближуваат двете точки што се предложени тука како точка за воената академија и како точка за Центарот за безбедност. Затоа сметам дека нема пречки да се пристапи кон расправа за воената академија.

(Реагирање од место на некои пратеници)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Не, немате право. Тоа е одговор на претставник на Влада, а вашето бараше беше.... Иста ситуација како претходниот случај.

Молам, дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го ставам предложениот дневен ред на усвојување.

(Реагирање на некои пратеници од место)

Кој е за молам да крене рака? (дел од пратениците креваат рака)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

(Реагирање на некои пратеници од место) Ќ

е ве молам да се пребројат присутни во салата.

(Реагирање на Коле Луловски)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе добиете процедурален збор.

Повелете Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Прво, мора да свртам внимание, јас предложив две точки не значи дека сум против двете точки што ги предложи Владата. Ги поддржувам тие две точки што ги предложи Владата.

Второ, камо среќа да има некој да знае за воена академија или за Факултет за безбедност. Ќе бидам толку горд да имаме такви министри и таква Влада и вакви пратеници кои што ќе знаат утре, и министерот што го имаме за финансии утре да ми отвори Факултет за финансии, министерот за сообраќај да отвори факултет за сообраќај, министерот за стопанство да понуди факултет на стопанство итн. Овие два факултета се понудени од две различни министерства и тука треба да водиме сметка. Не е за смееше. Тој што нема шетано по држави не знае ништо, како госпоѓата, до Куманово веројатно сте биле, повеќе од таму не сте биле.

Прво, министре ако треба да реплицирам, ќе седнеме после ќе дискутираме. Овде не сакам да дискутирам. Јас само скренав на внимание. Не сакам да ме сфатите да сум бил против законот за воена академија. Буквално да не ме сфатите така.

Второ, јас ќе ви понудам утре закон за академија во областа на кое сакате министерство. Тука имаме 23 министри. Тука многу внимателни треба да бидете. Два министра ни нудат два закони различни. Државни закони, оптеретување на буџетот итн. Секое министерство спрема вашите предлози, секој министер има право да понуди утре академија. Тука е грешката господине министре. Правите катастрофална грешка. Јас ви тврдам. Јас не што не ја познавам проблематиката, да видите како ја познавам проблематиката. Тоа што не ја знаеме високото образование тоа е друго во областа на воената академија. Тврдам јас не ја познавам. Не се откажувам од тоа што јас не ја познавам.

Дополнително имам околу претседавачот, јас уште еднаш тврдам, јас барав пратениците да се изјаснат дали сакаат да гласаат за законот за средно образование и за Законот аз универзитетот како предлог. Не се гласа, Благодарам. Тоа е завршена работа. Се гласа за целиот

дневен ред, не е прифатен. Со оглед на тоа што не е прифатен, јас се повлекувам од тоа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господине Луловски, затоа треба да внимаваме кога настапуваме на говорница. Внимателно прочитајте го стенограмот од вашата прва дискусија. Ќе констатирате дека цело време вие се обраќавте до Владата, ја молевте Владата да се премисли повторно двете точки да ги стави на дневен ред. Вие не предложивте тие точки да бидат ставени на дневен ред. Вие се обраќате до Владата, Владата да се премисли и повторно да ги стави тие точки, а вие не предложивте. Според тоа, јас немав предлог да го ставам тоа на гласање. Бидејќи добивте одговор од Владата мислев дека со тоа се надминати неопходните потреби.

Дали уште некој бара збор?

Процедурално дали некој бара збор?

Има збор Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во име на пратеничката група на СДС барам пауза од 15 минути заради дополнителна консултација пред поединечното гласање.

(Реагирање на пратениците од место)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам, пратеникот Халили

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Молам, да констатирате дека дневниот ред за денешната седница не е усвоен, а после ќе видиме.

VI/9.-

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи претседавачот на седницата не ги објави резултати, никој не ги слушна дали имаше доволен број или немаше, треба да се објават за да можеме ние нормално да заземе став.

Молам претседавачот да ги каже резултатите од гласањето за дневниот ред.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам, уште еднаш точни податоци.

36 гласале за дневниот ред.

Според тоа дневниот ред не е усвоен на седницата.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Барам поддршка од 10 пратеници бидејќи се сомневам во исходот на гласањето.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи пратеничката група на СДС побара пауза пред поединечното гласање, бидејќи има 10 пратеника поддршка за поединечно гласање, давам пауза од 15 минути до вршењето на поединечното гласање.

(Пауза од 15 минути)

(По пауза )

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи има 5 4 пратеника очигледно не можеме да продолжиме.

Ја закажувам седницата за утре во 10 часот.

Молам координаторите да обезбедат присуство на пратениците. (Седницата прекина со работа во 17,40 часот)